Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр. 04-9580/3
од 18-11-2024 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 и член 52 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА

## за не вршење на избор на кандидат за унапредување на административен службеник

1. За извршител на работно место ИНС0101Б03001 Помошник раководител на Сектор за инспекциски работи-помошник главен инспектор – во Сектор за инспекциски работи - 1 извршител НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На веб страната на Агенција за администрација и на веб страната на Општина Кисела Вода на ден 01.11.2024 година беше објавен Интерен оглас бр.02/2024 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Кисела Вода, за работно место Помошник раководител на Сектор за инспекциски работи-помошник главен инспектор – во Сектор за инспекциски работи - 1 извршител, со арх.бр.04-9580/2 од 25.10.2024 година. Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-9580/7 од 07.11.2024 година од страна на Секретарот на Општина Кисела Вода на ден 14.11.2024 година, по спроведената административна секелција, утврди дека на објавениот интерен оглас има само една Пријава од кандидатот Златко Бојаџиев и истиот е неуреден со наведена причина за неуредност дека нема доставено доказ со кој го докажува општиот услов- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност. Согласно член 31 од Закон за административни службеници и објавениот Интерен оглас бр.02/2024, за пополнување на работно место на административен службеник, кандидатот треба да ги исполнува општите услови во кое е и наведен погоре потребниот услов, факт констатиран во Записник од административна селекција со бр.04-9580/8 од 14.11.2024 година. Бидејќи нема

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

ниеден прифатлив кандидат и поради погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил**
раководител на Одделение
Милена Ѓорѓиевска
**Контролирал/Одобрил**
Раководител на Сектор
Николче Грозданоски

СЕКРЕТАР
на Општина Кисела Вода
м-р Мирко Ивановски

Доставено до:
- кандидатот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива